# КОДЕКС НА ДЕЛОВНО ОДНЕСУВАЊЕ НА ТРЕТО ЛИЦЕ

Swixx BioPharma

Верзија 2, на сила од 1.5.2026

# Содржина

**Општи одговорности** ........ **1**

**Деловно однесување и етика** ........ **2**

Спречување на поткуп/корупција ("ABAC") ........ 2

Судир на интереси ........ 2

Заштита на конкуренција/лојална конкуренција ........ 2

Конкуренција ........ **Error! Bookmark not defined.**

Деловно и финансиско известување ........ **Error! Bookmark not defined.**

Доверливост ........ **Error! Bookmark not defined.**

Интелектуална сопственост ........ **Error! Bookmark not defined.**

Маркетинг и промоција ........ **Error! Bookmark not defined.**

Заштита на лични податоци и безбедност на податоци ........ 6

Безбедност на пациентите и пристап до информации ........ 4

Подизведувачи ........ **Error! Bookmark not defined.**

Трговски санкции, контрола на извозот ........ 4

Вештачка интелигенција ........ 4

**Стандарди и обезбедување на квалитет** ........ **5**

**Човекови права и стандарди на трудот** ........ **6**

Слободен избор на вработување ........ **Error! Bookmark not defined.**

Забрана за детски труд ........ 6

Забрана за ропство ........ **Error! Bookmark not defined.**

Недискриминација и правичен третман ........ **Error! Bookmark not defined.**

Услови за работа ........ 9

Слобода на здружување ........ **Error! Bookmark not defined.**

**Заштита на животна средина, здравје, безбедност и одржливост** ........ **8**

Заштита на животна средина ........ 8

Заштита на здравјето и безбедноста на работниците ........ **Error! Bookmark not defined.**

**Системи за управување и раководење** ........ **10**

# Општи одговорности

Во Swixx Biopharma AG, нејзините подружници и одделенија (колективно „ние“, „Swixx“ или „Компанијата“) имаме за цел да работиме на начин што ги одразува највисоките етички стандарди. Работиме во рамка на принципи, насоки и политики усогласени со етичките, социјалните и еколошките одговорности за да ја максимизираме долгорочната одржливост на нашиот бизнис и на заедниците во кои работиме.

Соодветно на тоа, Swixx се стреми да води бизнис со претставници на трети лица, вклучително и дополнителни работници, добавувачи, фирми со кои заедно вршиме промоција и други деловни партнери (колективно наречени, „Претставници на трети лица“) кои ја споделуваат нашата посветеност на највисоките етички стандарди и работат на одговорен и етички начин.
Swixx се потпира на иновативна и конкурентна база на претставници од трети лица кои обезбедуваат производи и услуги што ќе ги задоволат нашите деловни потреби. Од вработените во Swixx се бара да се усогласат со процедурата за купување и правилата за конкурентна понуда, кои се воспоставени да обезбедат:

- Претставниците од трети лица да се избираат на основа на најдобрата вкупна вредност, вклучувајќи квалитет, одржливост, услуга и цена,
- Интелектуалниот, сопственичкиот капитал на Swixx и доверливоста да бидат заштитени,
- Претставниците на трети лица да се третираат праведно и подеднакво,
- Безбедноста на работниците и заштитата на животната средина да бидат приоритет.

Интегритетот, чесноста и деловните практики на претставниците на Трети лица може да влијаат на репутацијата на Swixx. Затоа, од претставниците на Трети лица се бара да се усогласат со упатствата дадени во овој Кодекс на деловно однесување на Трети лица на Swixx Biopharma („Кодекс“). Таквото усогласување е потребно за претставниците на Трети лица да имаат добра репутација и како услов за продолжување на деловната соработка со Swixx.

Од претставниците на трети страни се очекува и се охрабруваат да бараат насоки, да изразат загриженост и да контактираат со Swixx за да поставуваат прашања и/или да пријават загриженост на следниот линк compliance@swixxbiopharma.com за било какво потенцијално недолично однесување или неетичко однесување од претставници на трети лица, Swixx или нивни поврзани друштва. Онлајн опцијата им овозможува на корисниците да поднесуваат извештај анонимно. Swixx е посветена на мерки за заштита од одмазда и ќе одржува соодветна доверливост и анонимност во однос на сите обелоденувања.

Со прифаќање на нарачката за купување на Swixx, склучување договор со Swixx или на друг начин согласувајќи се да работат со Swixx, сите претставници на трети лица се согласуваат да се усогласат со стандардите содржани во овој документ. Овој Кодекс, или потврдата на Вашата усогласеност со него, не создава права на трети лица во корист на ниту еден претставник од третото лице. Стандардите наведени во овој Кодекс се додаток, а не замена за одредбите од кој било правен договор или договор со Swixx, кога се во спротивност со нив, се применува порестриктивната или поконкретната одредба.

**Почитувањето на овој Кодекс од страна на претставниците на трети лица ќе го одреди започнувањето и одржувањето на деловниот однос помеѓу претставниците на трети лица и Swixx.**

# Деловно однесување и етика

Swixx е услужна организација и има многу заинтересирани страни. Пациентите, чие здравје и благосостојба зависат од нашата способност да им ги ставиме на располагање основните лекови во моментот кога им се потребни и од партнерите кои му дале доверба на Swixx да ги застапува нивните реномирани компании и лекови во земјите каде што Swixx работи.
Поставивме високи стандарди за да се осигураме дека нашите интеракции со сите заинтересирани страни и деловни заедници ќе бидат спроведувани на етички и правен начин.

Нашата посветеност да ја правиме вистинската работа, што значи усогласување и со духот и со словото на законите што ја регулираат нашата индустрија, мора да се прошири и на нашите претставници од Трети лица. Ова значи да се однесуваме со почит, чесно и да се однесуваме праведно и достоинствено меѓусебно и кон сите наши клиенти, партнери, добавувачи и потрошувачи.
Ние сме посветени на:
Нулта толеранција кон поткуп и корупција. Swixx забранува и има нулта толеранција на сите форми на поткуп.
Правично и транспарентно постапување со личните податоци во согласност со законите и прописите кои ја регулираат заштитата на личните податоци, и
Транспарентност преку обезбедување целосни, точни, навремени и разбирливи објави за нашето работење.

Swixx бара претставниците на трети лица да го водат својот бизнис на етички начин и да дејствуваат со интегритет. Етичките елементи вклучуваат, помеѓу останатото и:

## Спречување на поткуп/корупција ("ABAC")

Никогаш не учествувај во поткуп, плаќања за олеснувања или мито од било каков вид, без разлика дали станува збор за односи со јавни службеници или поединци во приватниот сектор. Swixx и неговите вработени, како и претставниците на трети лица кои дејствуваат во име на компанијата, може да бидат граѓански и кривично одговорни за недоличното однесување на неговите партнери и добавувачи. Swixx ќе спроведе детална проверка на избраните претставници од трети лица пред да работи со нив и ќе го управува деловниот однос во текот на неговото времетраење, за да се осигура дека активностите на претставниците од трети лица кои дејствуваат во име на Swixx се транспарентни и конзистентни со политиката на компанијата.

Swixx е посветена на почитување на американскиот Закон за коруптивни практики во странство („FCPA“), Законот за борба против поткуп на Обединетото Кралство (2010) и законите за борба против корупцијата и за спречување на перење пари на земјите во кои работи Swixx. Претставниците на трети лица мора да се усогласат со сите важечки закони за ABAC и за спречување на перење пари, како и законите што го регулираат лобирањето, подароците и плаќањата на јавните службеници, законите за допринос во политичка кампања и други поврзани прописи.

## Судир на интереси

Преземете разумни мерки за да избегнете и управувате со судир на интереси. Известете ги сите засегнати страни доколку настане реален или потенцијален судир на интереси.

## Заштита на конкуренција/лојална конкуренција

Водење бизнис во целосна согласност со законите за заштита на конкуренција што се применуваат во земјите во кои работат. Почитување на сите закони за конкуренција и заштита на конкуренцијата кои се применливи во земјите каде што дејствуваат претставниците на трети лица.

Сите претставници на трети страни и/или поединци кои дејствуваат во нивно име треба да се придржуваат до важечките закони за заштита на конкуренцијата за да се обезбеди лојална трговија и конкуренција. Претставниците на трети страни не смеат, директно или индиректно, да склучуваат никакви незаконски договори со своите конкуренти, ниту пак да разменуваат чувствителни информации, на пр. во врска со пазарите, клиентите, стратегиите, цените и слично. Претставниците на трети страни можат да учествуваат во јавни тендери и постапки за доделување на договори во приватниот сектор само кога строго ги почитуваат важечките закони и прописи на организацијата што го спроведува тендерот.

# Конкуренција

Претставниците на трети лица ќе:

- бараат конкурентска предност само преку законски средства и ќе го водат својот бизнис во согласност со фер и силна конкуренција.
- се вклучува во дијалог со конкурентите само кога постои легитимна деловна причина за тоа, а дијалогот е таков што нема да ја ограничува конкуренцијата (на пр. ограничен само на јавни или некомерцијални информации).
- нема да ја злоупотребуваат својата позиција, доколку е доминантна или имаат монопол, за да ги исклучат конкурентите или да ги искористат клиентите.

# Деловно и финансиско известување

Искрено и прецизно евидентирање и известување за сите деловни информации и почитување на сите важечки закони кои се однесуваат на нивното комплетирање и точност. Креирање, чување и располагње со деловните евиденции во целосна согласност со сите важечки законски и регулаторни барања. Очекуваме претставниците на трети лица да доставaт искрени и точни фактури. Фактурите треба да содржат спецификација, да го наведат бројот на нарачката (каде што е релевантно), да бидат поткрепени со соодветна документација и да се усогласат со сите други барања како што е наведено во соодветниот(е) договор(и). Фактурите не може да се делат за да се заобиколат барањата за одобрување.

# Доверливост

Никогаш не изнесувајте информации, вклучително и по пат на маркетинг презентации, во врска со плановите, перформансите или политиките на Swixx без претходно писмено одобрение од компанијата Swixx. Претставниците на трети лица мора да ги заштитат доверливите или сопственичките информации на компанијата Swixx.

# Интелектуална сопственост

Почитувајте ги правата на интелектуална сопственост на компанијата Swixx, како и правата на интелектуална сопственост на други, вклучувајќи, меѓу другото и авторски права, патенти, трговски марки и трговски тајни; управувајте со трансферот на технологија и знаење на начин кој ги штити правата на интелектуална сопственост.

# Маркетинг и промоција

Одржувајте само маркетинг и промотивни материјали и активности кои се во согласност со високите етички, медицински и научни стандарди и се во согласност со сите важечки закони и прописи. Промотивните материјали

и активности кои ги спомнуваат производите или услугите на претставниците на трети лица мора праведно и точно да ги претставуваат наведените производи и услуги. Употребата на името на Swixx, трговската марка и какво било претставување на нашите производи или услуги се забранети, освен ако претходно не е обезбедено писмено овластување од правниот оддел на Swixx.

## Заштита на лични податоци и безбедност на податоци

Почитувајте ги сите важечки закони и прописи за приватност и заштита на податоците поврзани со собирање, употреба, откривање, уништување или на друг начин обработка на лични информации. Претставниците на трети лица мора да имаат документирана, имплементирана и да одржуваат во писмена форма програма за заштита на лични податоци што ги содржи соодветните административни, технички и организациски мерки, процедури и други заштитни мерки, соодветни на големината и сложеноста на операциите на претставниците на трети лица, природата и опсегот на нивните активности и потребните информации, за заштита на личните информации од случајно или незаконско уништување или случајна загуба, промена, неовластено откривање или пристап и од сите други форми на незаконска употреба или обработка, вклучувајќи, меѓу другото, непотребно собирање или понатамошна употреба или обработка. Употребата и обработката на личните податоци што може да се користат за идентификација на поединци мора да бидат ограничени на оние цели за кои Swixx ангажирал трети лица и мора да биде во согласност со законот за да се обезбеди заштита на правата за приватност на податоците. Лични информации се сите информации што може да се користат за да се утврди идентитетот на една личност.

## Безбедност на пациентите и пристап до информации

Осигурајте дека се воспоставени соодветни системи за управување за да се минимизира ризикот од негативно влијание врз правата на пациентите, вклучувајќи го нивното право на здравје и директниот пристап до информации.

## Подизведувачи

Воспоставете програма за поддршка на усогласеноста од страна на добавувачите и подизведувачите на претставниците на трети лица (вклучувајќи, меѓу другото, посредници, агенти, дистрибутери или кои било други деловни партнери) со стандардите наведени во овој Кодекс.

## Трговски санкции, контрола на извозот

Претставниците на трети лица мора да бидат посветени увозот, извозот и ангажирањето во сите други форми на трговија да се извршува на легален и етички начин.

Претставниците на трети лица треба да ги идентификуваат и и да се усогласат со важечките трговски санкции и закони за контрола на извозот, вклучувајќи ги и законите за трговски санкции на САД, ЕУ и Швајцарија и другите закони за усогласеност со трговијата на земјата/земјите каде што се одвиваат трансакциите, или кои исто така може да имаат надлежност врз трансакцијата.

## Вештачка интелигенција

Користење на вештачка интелигенција на одговорен и етички начин кој е инклузивен, безбеден, штити од пристрасност, ја почитува приватноста на личните податоци, обезбедува транспарентност и ја зајакнува човечноста.

# Стандарди и обезбедување на квалитет

Претставниците на трети страни треба постојано да обезбедуваат висококвалитетни стоки и услуги навреме и во согласност со сите важечки прописи и договорни обврски.

Во Swixx, квалитетот е заедничка одговорност и основна вредност. Swixx се придржува до издржани научни принципи и принципи на квалитет и гарантира дека овие принципи се рефлектирани во сите наши операции. Како поддршка на оваа посветеност, Swixx ги почитува сите применливи барања поврзани со Добрата производна пракса (GMP), Добрата пракса за фармаковигиланца (GVP), Добрите дистрибутивни пракси (GDP), ISO барањата и други релевантни регулаторни рамки.
Ние сме посветени на:

- Испорачување безбедни и сигурни производи кои ги задоволуваат или надминуваат барањата на нашите пациенти, нашите клиенти и регулаторните барања,
- Усогласеност со сите применливи регулаторни барања во јурисдикциите каде што работиме,
- Воспоставување, одржување и постојано подобрување на ефикасен Систем за управување со квалитет
- Обезбедување на интегритет, точноста и веродостојноста на нашите податоци во текот на животниот циклус на производот и услугата
- Одржување на нашата индивидуална и колективна одговорност за квалитет на сите нивоа на организацијата.

Онаму каде што е применливо, претставниците на трети лица кои го снабдуваат Swixx со материјали или услуги мора да се усогласат со барањата за квалитет како што е меѓусебно договорено со Swixx. Претставниците на трети лица мора да обезбедат соодветни механизми за комуникација помеѓу организацијата за квалитет на Swixx и претставниците на трети лица, за да се осигураат дека материјалите и услугите доставени до Swixx се во согласност со барањата на Swixx и ги исполнуваат сите применливи регулаторни барања. Од претставниците на трети лица се очекува да ги обезбедат сите аспекти на материјалите или услугите (на пример, работна сила, надзор, опрема, материјали, залихи, лиценци, дозволи и сите други барања потребни за обезбедувањето на материјалите или услугите) во согласност со овој Кодекс, и во согласност со договорените критериуми за квалитет и договори склучени помеѓу претставници од трети лица и Swixx.

Претставниците на трети лица треба да воведат и одржуваат Систем за управување со квалитет соодветен на природата и обемот на услугите што им ги пружаат на Swixx.  Системот треба да обезбеди дека сите материјали и услуги доставени до Swixx се усогласени со наведените барања и се придржуваат до тековните упатства и прописи за квалитет (GxPs) како што е наведено во барањата на Европската агенција за лекови и другите локални регулативи, каде што е применливо.

# Човекови права и стандарди на трудот

Swixx е посветен на почитување, заштита и унапредување на човековите и работните права на поединците поврзани со неговите операции и деловни односи. Затоа, Swixx очекува неговите претставници на трети лица да ги третираат своите вработени етички, праведно и во согласност со локалните закони, регулативи и со меѓународните стандарди за човекови и локални работни права.

Стандардите за труд вклучуваат:

## Слободен избор за вработување

Претставниците на трети лица не смеат да користат принудна работа, вклучително и должничко ропство, принудна или присилна затворска работа или да се бидат вклучени во каква било форма на ропство или трговија со луѓе.

Практиките за вработување да бидат бесплатни, без никакви трошоци за кандидатот.

## Забрана за детски труд

Претставниците на трети лица не смеат да користат детски труд. "Детски труд" се однесува на вработување на која било личност под минималната возраст за вработување во земјата, или под возраста за завршување на задолжителното образование — која е повисока. Вработувањето на млади работници на возраст под 18 години е дозволено само на безбедни работни места, и само кога тие ја достигнале и законската минимална возраст за вработување и возраста за завршување на задолжителното образование. Младите работници не треба да бидат ангажирани за ноќна работа, прекувремена работа или за каква било работа што може да го загрози нивното здравје, безбедност или морал.

## Забрана за ропство

Претставниците на трети лица не смеат да толерираат трговија со луѓе или ропство и тие се обврзани да постапуваат со интегритет при вршење на секоја нивна работа и деловни интеракции со секој поединец, било да е тоа вработен, консултанти или агенти на претставници на трета лица. Претставниците на трети лица не смеат да користат лажни или измамнички пракси за време на регрутирањето на вработени и детскиот труд не смее да се користи во кој било дел од нивната компанија или компанијата на нивните добавувачи.

## Недискриминација и правичен третман

Претставниците на трети лица се должни да обезбедат работна околина без вознемирување и дискриминација. Дискриминација на основа на раса, боја на кожа, возраст, пол, сексуална ориентација, етничка припадност, инвалидитет, религија, политичка припадност, членство во синдикат или брачен статус не смее да се толерира. Претставниците на трети лица се должни да обезбедат работна околина без закана од груб и нехуман третман, вклучувајќи какво било сексуално вознемирување, сексуална злоупотреба, физичко казнување, ментална или физичка принуда или вербална злоупотреба на работниците.

## Услови за работа

Претставниците на трети лица се должни да им исплаќаат надомест на своите работници во согласност со важечките закони за плати, вклучувајќи ги и оние што регулираат минимална плата, плата за прекувремена работа и законски пропишани бенефиции. Работниците ќе бидат навремено информирани за основата според која се одредува нивниот надомест. Претставниците на трети страни исто така јасно ќе комуницираат со своите работници дали е потребна прекувремена работа и кои се важечките стапки на плата за таквата прекувремена работа.

## Слобода на здружување

Се охрабрува отворена комуникација и директна саработка со работниците за решавање на прашањата на работното место. Претставниците на трети страни треба да ги почитуваат правата на работниците, во согласност со важечките локални закони, слободно да се здружуваат, да се приклучуваат или да се воздржуваат од приклучување кон синдикати, да бараат застапување и да се приклучуваат на работнички совети или други законски форми на застапување на работниците Работниците треба да имаат можност отворено да комуницираат со раководството во врска со работните услови и други прашања поврзани со вработувањето без закана од одмазда, заплашување, дискриминација или вознемирување.

# Заштита на животна средина, здравје, безбедност и одржливост

Претставниците на трети лица должни се да се усогласат со сите важечки здравствени програми и воспоставени системи за да им обезбедат на работниците безбедносни информации во врска со опасните материјали и едукација како да се заштитат од потенцијални опасности. Опасните материјали може да вклучуваат, но не се ограничени на суровини, изолирани полупроизводи, производи, растворувачи, средства за чистење и отпад.

Претставниците на трети лица треба да работат на еколошки одговорен и ефикасен начин за да ги минимизираат негативните влијанија врз животната средина. Претставниците на трети лица треба да се стремат да го намалат своето влијание врз животната средина преку одговорно користење на ресурси, намалување на отпадот, одржливи производствени процеси и оптимизирана логистика.

## Заштита на животна средина

Претставниците на трети лица треба да работат на еколошки одговорен начин и да ги почитуваат сите важечки еколошки закони и прописи. Сите потребни еколошки дозволи, лиценци, информации, регистрации и ограничувања треба да се добијат и да се исполнат сите поврзани оперативни и извештајни обврски. Претставниците на трети лица треба да воспостават и одржуваат соодветни процеси и системи за:

- Да обезбедат континуирана усогласеност со важечките закони за животна средина и регулаторните барања. Потребните дозволи за животна средина, лиценци, регистрации на информации и ограничувања треба да се обезбедат, а нивните оперативни и извештајни барања да се почитуваат.
- Одговорно управување со отпадот преку обезбедување безбедно ракување, движење, складирање, рециклирање, повторна употреба или отстранување на отпадот. Секоја генерација и отстранување на отпад, емисии во воздухот и испуштања во водата, со потенцијал да имаат негативно влијание врз човечкото здравје или животната средина, треба соодветно да се минимизираат, правилно да се управуваат, контролираат и/или третираат пред да се испуштат во животната средина.
- Превенција, идентификација и ублажување на случајни и дифузни истекувања и испуштања на опасни супстанции во животната средина преку ефективни контроли на управувањето и мерки за одговор.
- Промовирајте ефикасна и одржлива употреба на сите релевантни ресурси, вклучувајќи енергија, вода и материјали, преку спроведени мерки насочени кон намалување на влијанието врз животната средина и подобрување на ефикасноста на ресурсите.
- Поттикнете култура на еколошка одговорност преку активно разгледување на можностите за подобрување на еколошките перформанси во текот на нивните операции. Претставниците на трети страни треба да се стремат да ја подигнат свеста кај вработените, да поттикнат еколошки свесно однесување и да поддржат иницијативи кои придонесуваат за долгорочна одржливост и намалено влијание врз животната средина.

## Заштита на здравјето и безбедноста на работниците

Од претставниците на трети страни се очекува да обезбедат безбедна и здрава работна средина.

Претставниците на трети лица треба да:

- Имаат воспоставени програми и системи за да им обезбедат на работниците безбедносни информации во врска со опасните материјали и едукација за да ги заштити од потенцијални опасности. Опасните материјали може да вклучуваат, но не се ограничени на суровини, изолирани полупроизводи, производи, растворувачи, средства за чистење и отпад.
- Имаат воспоставени системи и програми за да се идентификуваат и професионалните и процесните опасности. Тие треба да ги квантифицираат таквите опасности и соодветно да ги дефинираат нивоата на ризик и да имаат програми и системи за спречување или ублажување на овие ризици (на пр. катастрофално ослободување на хемикалии, испарувања, прашина).
- Имаат воспоставени системи и процеси за заштита на работниците од изложеност на хемиски, биолошки и физички опасности (вклучувајќи физички тешки задачи) на работното место.
- Развиаат и дистрибуираат планови за итни случаи низ нивните капацитети. Претставниците на трети лица се должни да го минимизираат потенцијалното влијание на било која вонредна состојба со спроведување на соодветни планови за итни случаи и процедури за постапување во такви случаи.

# Системи за управување и раководење

- Претставниците на трети лица се должни да користат системи за управување за да овозможат постојано подобрување и усогласеност со стандардите наведени во овој Кодекс.
- Елементите на системите за управување го вклучуваат следново:
    - Претставниците на трети лица се должни да покажат посветеност на концептите опишани во овој Кодекс со доделување соодветни ресурси и управување.
    - Претставниците на трети лица се должни да ги идентификуваат и да се усогласат со важечките закони, регулативи, стандарди и релевантните барања на клиентите.
    - Претставниците на трети лица се должни да имаат механизми за одредување и управување со ризикот во сите области опфатени со овој Кодекс.
    - Претставниците на трети лица не смеат да склучуваат поддоговори или на друг начин да ангажираат трето лице во име на Swixx или да го претставуваат Swixx пред трети лица, без претходна писмена согласност од Swixx.
    - Swixx може да изврши ревизија (или да ангажира ревизор од трета страна да изврши ревизија) на претставниците на третите лица во секое време со благовремено претходно известување, за да ја осигура нивната усогласеност со стандардите во Кодексот и да ги потврди сите плаќања направени од Swixx и од трети лица. Може да се применуваат и дополнителни одредби за ревизија како што е договорено меѓу страните.
    - Претставниците на трети лица се должни да водат документација што е неопходна за да покажат усогласеност со овие стандарди и усогласеност со важечките прописи, како што се:
        - Подготовка и водење на книги и евиденција кои ги документираат прецизно и точно во детали сите прашања поврзани со соработката на претставникот на третото лице со Swixx, докази за сите плаќања направени во име на Swixx или од средства обезбедени од Swixx.
        - Забранети се сметки „надвор од евиденција“ и лажни или измамнички книжења во книгите и евиденцијата на претставници на трети лица. Сите финансиски трансакции мора да бидат документирани, редовно прегледани и соодветно евидентирани. Копија од овие документи е достапна на Swixx на нејзино барање.
        - Да се осигураат дека се почитуваат сите релевантни внатрешни финансиски контроли и процедури за одобрување и дека чувањето и архивата на книгите и евиденцијата е во согласност со сопствените стандарди и даночни и други важечки закони и прописи на претставникот на трето лице. Поконкретни барања за чување на документацијата може да се договорат меѓу страните.

- Претставниците на трети лица се должни да ги едуцираат своите вработени да донесуваа етички и одржливи одлуки во согласност со законите, регулативите и барањата на договорот. Доколку е потребно, Swixx има право да ги обучува вработените на претставниците на трети лица кои работат во име на Swixx. Од претставниците на трети лица се очекува постојано да се подобруваат со поставување на цели за остварување, извршување планови за имплементација и преземање неопходни корективни активности за недостатоците идентификувани со внатрешни или надворешни проценки, инспекции и прегледи на раководството.

Стандардите и пропратните политики и процедури содржани во овој документ може да се менуваат од време на време.

Претставниците на трети лица на Swixx се одговорни запознаат и усогласат со важечките закони, регулативи, стандарди, политики и процедури кои ја регулираат нашата работа.

**Најновата верзија на овој документ може да се најде на насловната страна во делот за за усогласеност на веб-страната на Swixx.**